РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА

БР. 04-744/5
15.10. 20 26 ГОД.

Врз основа на член 77 и член 77-з став (1) од Законот за културата („Службен весник на РМ" бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 12 став (2) алинеја 7 од Статутот на НУ Центар за култура – Битола бр.01-225/2 од 09.04.2015 година, бр.02-47/3 од 29.01.2018 година, бр.02-177/3 од 14.03.2019 година и Одлука за изменување и дополнување на Статутот на НУ Центар за култура – Битола бр.02-315/3 од 11.06.2025 година, Измена и дополнување на годишниот план за вработување за 2026 година бр.01-6/11 од 20.07.2026, и Согласност од Министерството за финансии бр.19-5128/2 од 16.07.2026 година како и Предлогот за вработување на кандидат бр. 04-744/3 од 14.10.2026 по Јавен оглас бр. 3/2026, директорот на НУ Центар за култура - Битола донесе:

ОДЛУКА

за избор за вработување на еден работник по јавен оглас

1. По јавниот оглас бр. 3/2026 објавен на 29.07.2026 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, за вработување на еден извршител во Националната установа Центар за култура - Битола се избира кандидатот **Христијан Стојановски**, за работното место КУЛ 04 02 А02 001 Помошник работник за обезбедување, Помошно-техничка служба.
2. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време на работното место од став 1 на оваа Одлука, по конечноста на Одлуката.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 29.07.2026 година во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, на интернет страната на Центарот за вработување - Битола, како и на интернет страницата на Центарот за култура - Битола објавен е оглас бр.3/2026 за вработување на двајца извршители – помошно – техничка служба, во Националната установа Центар за култура - Битола. Согласно Известување за номинација на членови во комисија за вработување од Министерството за култура и туризам бр.40-8374/2 од 24.09.2026 година, формирана е Комисија за постапка за вработување. Комисијата за селекција на вработувањето по јавен оглас спроведе административна селекција за проверка на веродостојност на доставените податоци и докази и спроведе интервју со пријавените кандидати. Комисијата состави Записник од административната селекција за проверка на веродостојност на доставените податоци и докази бр.04-744/1 од 08.10.2026 и Записник од интервјуто бр.04-744/2 од 09.10.2026 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од

Scanned with CamScanner

двете фази и Предлог кандидат за вработување бр. 04-744/3 од 14.10.2026 година по Јавен оглас бр. 3/2026. Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, директорот на Националната установа Центар за култура - Битола, донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Управниот одбор на НУ Центар за култура - Битола во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата и огласната табла на НУ Центар за култура - Битола.

Доставено до:
Избраниот кандидат (1)
Архива на Центарот (I)
Огласна табла (1)

Национална установа Центар за култура – Битола

Директор,

Сашо Илковски

Scanned with CamScanner